РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2009

## *I. ВОВЕД*

Државното правобранителство на Република Македонија е основано со Законот за Државно правобранителство ("Сл.весник на РМ" бр.87/07), со кој се уредени организацијата, надлежностите и одредени се условите и постапката за именување и разрешување на Државниот правобранител на Република Македонија и Државните правобранители.

Согласно членот 35 од Законот за Државното правобранителство на Република Македонија ("Сл.весник на РМ" бр. 87/07) со денот на започнување на примена на овој закон, Јавното правобранителство на Република Македонија продолжува со работа како Државно правобранителство на Република Македонија, како континуитет и стабилност на правниот систем и институциите на државата.

Државното правобранителство на Република Македонија е државен орган кој превзема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија. Државното правобранителство на Република Македонија ги остварува своите надлежности врз основа на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

Функцијата на Државното правобранителство ја врши Државниот правобранител на Република Македонија и Државните правобранители во Државното правобранителство.

Седиштето на Државното правобранителство на Република Македонија е во Скопје, во зградата на Македонска Радио Телевизија на VI-кат.

Државното правобранителство на РМ има 15 Подрачни Единици, во сите поголеми градови во Република Македонија и тоа: Скопје, Прилеп, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Штип, Битола, Велес, Кочани, Куманово, Тетово, Струга, Кичево, Гостивар и Охрид.

Со ваквата организациона поставеност, **во текот на 2009 година, Државното правобранителство на Република Македонија имало во работа и постапувало во вкупно 231.324 предмети**, и тоа од сите области на правото каде е потребно преземање мерки и правни средства за заштита на имотните права и

интереси на Република Македонија.

Споредбено со 2008 година кога во работа имало вкупно 187.676 предмети бројот на предметите во 2009 година е зголемен и како што и погоре наведовме изнесува 231.324 предмети на територијата на целото Државно правобранителство на Република Македонија - заедно со 15-те Подрачни Единици.

Согласно Сумарниот Преглед за движење на предметите за 2009 година за подрачјето на Скопје каде што е и седиштето на Државното правобранителство на Република Македонија вкупно предмети во работа имало 61.962 предмети.

Во Држвното правобранителство на Република Македонија работат вкупно 103 лица. од кои 1 Државен правобранител на Република Македонија, Државни правобранители се 32 (двајца на апанажа), останатиот кадар е од редовите на административниот персонал и тоа: советници 22, помлад референт 1, самостоен референт 2, виши референти 24, референти 14 и јавни службеници 7.

Државното правобранителство на Република Македонија во 2005 година доби на користење административен простор на 6-тиот кат во зградата на Македонската радио-телевизија, со што, се лоцира на едно место, за разлика од пред тоа, кога Државното правобранителство на Република Македонија беше сместено на две локации, една во Барака 14 во Објект бараки на Град Скопје и друга на третиот кат во зградата на Апелациониот суд Скопје. Со доделениот на користење административен простор се задоволуваат просторните потреби и услови за работа на вработените во Државното правобранителство на Република Македонија.

Со проширувањето на Државното правобранителство на Република Македонија по однос на нови вработувања во иднина ќе се создаде потреба и од просторно проширување на административниот простор каде што сега Државното правобранителство на Република Македонија ја обавува својата функција.

Државното правобранителство на Република Македонија воспостави ВЕБ страница за кое нешто благовремено ги извести сите Минситерства и институции кои ги застапува.

Веб страницата на Државно правобранителство на Република Македонија е следната: www.dprm.gov.mk, а е-маил адресата е: www.info@dprm.gov.mk.

Приклученоста на Интернет е само преку Кабинетот на Државниот правобранител на Република Македонија и на овој начин е и поврзаноста со останатите државни институции, се прават напори за мрежно поврзување на сите 15 подрачни единици на Државното правобранителство на Република Македонија.

## *II.АКТИВНОСТИ НА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОСТВАРУВАЊЕ ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСКАТА ФУНКЦИЈА*

Активностите и работата на Државното правобранителство на Република Македонија во текот на 2009 година, произлегуваат од овластувањата, правата и обврските што Државното правобранителство на Република Македонија ги има согласно Законот за државното правобранителство, системските закони и другите законски и подзаконски прописи.

Во текот на 2009 година, Државното правобранителство на Република Македонија зеде активно учество во процесот на реформите на правосудниот систем, оообено за делот од реформите кои се однесуваат и на Државното правобранителство на Република Македонија.

Државното правобранителство, во својата работа применува закони, законски прописи и подзаконски акти кои уредуваат правна материја од повеќе области на правото, како што се прописите од материјалното право: Законот за облигациони односи, Законот за сопственост и други стварни права, Законот за денационализација, Законот за градежно земјиште со подзаконките акти, прописите поврзани со трансформација на општествениот капитал и продажбата на државниот капитал; потоа прописи од формално правен карактер, како што се Законот за парничната постапка, Законот за извршување, Законот за општа управна постапка, Закон за експропријација, Законот за стечај, Закон за нотарска дејност, Закон за кривична постапка во делот на оштетните побарувања и други правни прописи.

Покрај надлежностите и овластувањата што ги има со законите и другите подзаконски акти, за Државното правобрнителство на Република Македонија определена правна сила имаат и Заклучоците од Владата на Република Македонија.

Доколку во превентивната постапка Државното правобранителство согледа некои неправилности или незаконитости во постапките за приватизација, тогаш се поведуваат судски постапки за поништување на договори во врска со

приватизација, поништувања уписи во судски регистри и други акти кои произлегуваат од процесот на приватизацијата на општествениот и државниот капитал во претпријатијата.

По однос на неправилностите и незаконитостите во постапките за приватизација и трансформација на претпријатијата со општествен капитал Државното правобранителство на РМ поведе постапки за следните претпријатија:

Предметот 8 ПС бр.4961/07 на Основен суд Скопје 2 Скопје во кој како тужител се јавува Република Македонија, а тужен е Фершпед АД Скопје и други 15 физички лица е во постапка по жалба од тужените пред Апелациониот суд во Скопје.На ден 19.02.2010 година доставена е молба до Претседателот на Апелациониот суд Скопје за предимствено одлучување по жалбата против решението на Основниот суд Скопје 2 Скопје од 22.05.2009 година.

Предметот ТС бр. 657/08 на Основен суд Скопје 2 Скопје во кој како тужител се јавува РМ Министерство за економија, а тужен Свисслион ДОО Скопје за раскинување на договор за купопродажба на акции, вредност на спорот 66.000.000,00 денари. Првостепената одлука по овој предмет е по жалба пред Апелационииот суд во Скопје.

Овие предмети во рамките на судските постапки се во тек, а за исходот од истите Владата на Република Македонија благовремено е известувана. Инаку, за текот на овие постапки редовно се известуваат и ресорните министерства.

И во текот на 2009 година, во работата на Државното правобранителство на Република Македонија место завземаат предметите поврзани со постапката за денационализација.

Во текот на постапкта за денационализација, Државното правобранителство на Република Македонија има овластување да ги штити имотните права и интереси на Република Македонија.

Доколку од страна на Државното правобранителство се оцени дека во постапката за денационализација има повреда на определени имотни права и интереси на Републиката, истото презема соодветни мерки и правни средства за заштита на имотните права и интереси на Република Македонија.

Во сите случаи кога Државното правобранителство на Република Македонија констатира повреди на имотните права и интереси на Републиката во процесот на денационализација, поднесувани се редовни правни лекови - жалби до второстепената комисија за денационализација, како и вонредни правни лекови

пред органите надлежни за решавање по иститe. Од страна на Државниот правобранител на Република Македонија во рамките на надлежностите се прават напори да се испочитува ставот на Владата на РМ овој процес да заврши што е можно поскоро.

Државното правобранителство на Република Македонија учествува во постапките за отуѓување на градежното изградено и неизградено земјиште, неговата приватизација согласно Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, како и за отуѓување на друга недвижност сопственост на државата.

Учество на Државниот правобранител има и во постапката за приватизација на градежното земјиште сопственост на Република Македонија согласно новиот Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на РМ" бр.4/95) и Законот за измени и дополнувања на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на РМ" бр. 146/09) согласно член 13 од измените, решението за приватизација заедно со сите списи пред да се достави до барателот се доставува на мислење до Државниот правобранител на Република Македонија кој што мислењето го доставува во рок од 15 дена по приемот на решението.

Учеството на Државниот правобранител во постапката за отуѓување на градежното неизградено земјиште сопственост на Република Македонија, како и за отуѓување на друга недвижност сопственост на државата се заснова врз член 44-а од Законот за вршење на нотарски работи, каде е утврдено дека нотарот е должен да испита дали е прибавено мислење од Државниот правобранител на РМ, ако е во прашање потврдување на исправа врз основа на која се врши пренос на правото на сопственост, односно размена на недвижности, а како една од договорните страни се јавува Република Македонија, а другата е физичко или правно лице. Доколку за приватната исправа не е прибавено мислење од Државниот правобранител, нотарот ќе го извести за тоа Државниот правобранител, и ќе го одложи потврдувањето на исправата додека не биде дадено мислење, а најдоцна за 30 дена. И во оваа постапка, во зависност од конкретниот случај, Државното правобранителство на Република Македонија дава позитивно или негативно мислење.

Во текот на 2009 година и понатаму беа актуелни предметите за надомест на материјална и нематеријална штета во врска со конфликтот што се случи во

Република Македонија во текот на 2001 година, а по основ на член 166 од Законот за облигационите односи, каде е утврдено дека за штета настаната од смрт, телесна повреда или оштетување односно уништување на имотот на физичко или правно лице, поради акти на насилство или терор, како и при јавни демонстрации и манифестации одговара државата.

Сепак мора да се истакне дека бројот на овие предмети веќе се намалува од причина што во рамките на судската постапка и основот по кој се водат овие предмети истите се или во завршна фаза или се веќе правосилно окончани.

Во судските постапки по тужбите за надомест на штета по овој основ, Државното правобранителство учествувајќи како законски застапник на Република Македонија истакнува приговори, предлага изведување на докази и презема други правни дејствија за кои е овластено. Особено во овие постапки, Државното правобранителство на Република Македонија до судовите предлага да се изведуваат и други дополнителни докази, а не судот своите одлуки да ги заснова исклучиво само на наводите и исказите на странките, со цел да се утврди вистинската вредност на причинетата штета. Во текот на овие постапки Државното правобранителство од судовите бара да се утврди дали за настанатата штета за која се бара надомест, постои причинско последична врска со воените дејствија што се случуваа во Република Македонија, а во смисла на член 166 од Законот за облигациони односи, затоа што ако во текот на постапката се утврди дека конкретната штета е настаната од други причини, кои имаат криминогена природа (кражби, разбојништва), а не како последица од конфликтот, тогаш отпаѓа и обврската на Република Македонија таквата настаната штета да ја надомести.

Во текот на 2009 година, како резултат на работењето на Работна група предводена од Министерството за правда со претставници од Владата на РМ, - Министерството за финансии и Државното правобранителство на РМ се изготви Информација за спогодбено решавање на споровите за надомест на штета настанати од конфликтот од 2001 година поврзани со внатрешно раселените лица. Информацијата беше разгледана од страна на Владата на Република Македонија, усвоена и како резултат на сето тоа отпочна процесот на постигнување Спогодби со внатрешно раселените лица за подрачјето на с. Матејче. Во постапката за постигнување на овие Спогодби учествува Државното правобранителство за Куманово, а истите се склучуваат пред Основниот суд во Куманово.

Примерок од Спогодбите Државното правобранителство - Куманово редовно доставува до Министерството за финансии и до централата на Државно правобранителство на Република Македонија во Скопје.

Од овие предмети останати се уште околу десетина што значи дека постапките се пред крај, а и наплатата по истите е редовно се извршува.

Владата на Република Македонија на 60 -тата затворена Седница одржана на ден 10.11.2009 година ја прифати Информацијата на Државното правобранителство на Република Македонија - Министерство за внатрешни работи во врска со досудениот надомест на нематеријална штета на припадниците на безбедносните сили и нивните семејства и поднесените тужби за стекнување без основ против припадниците на безбедносните сили и нивните семејства и се заклучи: Државното правобранителство на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи да ги повлечат поднесените тужби и да се откажат од тужбеното барање против припадниците на безбедносните сили и нивните семејства со кои се бара да се вратат паричните средства со камата досудени на тужените на име справедлив надомест за нематеријална штета - душевни болки, да не се поднесуваат барања за извршување за повраќај према припадниците на безбедносните сили и нивните семејства за враќање на исплатен паричен надомест на име нематеријална штета - душевно болки.

## *СТРУЧНИ СОВЕТУВАЊА*

Во текот на 2009 година во организација на Државниот правобранител на Република Македонија одржани се две Стручни советувања на ниво на Државно правобранителство на Република Македонија.

Првото Стручно Советување се одржа во Охрид на ден 8 и 09.05.2009 година на кое советување присуствуваа: Државниот правобранител на Република Македонија, сите Државни правобранители за соодветно подрачје, Советниците во Државно правобранителство на Република Македонија како и Внатрешниот ревизор во Државно правобранителство на Република Македонија.

На советувањето во Охрид, точки на Дневниот ред беа:

1.Расправа по решенијата на Врховниот суд на Република Македонија за судење во разумен рок;

2.По однос на втората точка од Дневниот ред со претставници од Министерство за финансии се изготви првична верзија Меморандум за соработка помеѓу Министерството за финансниии и Државниот правобранител на Република Македонија по однос на доброволно исплаќање на правосилни судски одлуки.

3. Разгледување и други прашања поврзани со взаемната соработка помеѓу Министерството за финансии и Државното правобранителство на Република Македонија;

4. Прашања и проблеми околу Извршни Кривични и Извршни Прекршочни предмети;

5. Разгледување на предметот ДН бр. 19-620/03-2 заведен во Државно правобранителство на Република Македонија за подрачје Охрид под ДН бр. 100/06;

Второто Советување се одржа на ден 27 и 28.11.2009 година во Струмица. На советувањето во Струмица покрај Државниот правобранител на Република Македонија, сите Државни правобранители за соодветно подрачје, Советниците во Државно правобранителство на Република Македонија како и Внатрешниот ревизор во Државно правобранителство на Република Македонија, имаше и гости од следните институции: претставник на Министерството за правда Александар Тодоровски, преставник на Министерство за одбрана Лазо Петревски, претставници од Државниот завод за ревизија Тања Васиќ и Билјана Тановска, претставници од Министерство за финансии - Сектор трезор Андријана Трајковска и Весна Стоиљковиќ, претставници на Министерство за финансии Управа за имотно правни работи Коста Дојчиновски и Валентина Димитровска претставници од Министерство за транспорт и врски Јасмина Зенговска и Марија Ѓорѓиева и претставник на Агенцијата за катастар на недвижности Бисера Гоговска.

На ова Советување беше работено по следниот Дневен ред:

1. Предмет ПР бр. 17/09 во врска со Саса АД во стечај;

2. Разгледување на решение ДН бр. 44-2906 од 01.10.2009 година на Комисија за денационализација при Влада на Република Македонија во втор степен од областа на денационализацијата;

3. Разгледување на Известување од Државно правобранителство за подрачје Куманово УИ бр. 08-17/09;

4. Обраќање на Внатрешниот ревизор во Државното правобранителство на Република Македонија по однос на постапувањето по препораките од извршената ревизија за архивско и канцелариско работење.

5. Проблеми во врска со спорови по однос на одобрување на кредити од Компензациониот фонд од странска помош од Јапонија.

6. Информација за оттуѓување на градежно земјиште по пат на јавно наддавање со намена за изградба на Комплекс хотели под Кале.

7. Разгледување и разрешување проблеми со присутните претставници на Државните институции што се јавуваат во текот на тековната соработка меѓу Државното правобранителство на Република Македонија и овие институции.

На двете Советувања беа донесени Заклучоци кои веруваме дека ќе бидат од корист во понатамошното унифицирано постапување на Државното правобранителство на Република Македонија и институциите кои тоа ги застапува.

Одржаните стручни советувања, преку својата работа во целост успеаа, исполнувајќи ги целите, за кои истите беа организирани, поради што Државното правобранителство и во иднина ќе организира таков вид на собири, кои имаат едукативен карактер и кои придонесуваат за разрешување на правни прашања кои се појавуваат во остварувањето на основната функција на Државното правобранителство, заштитата на имотните права и интереси на Република Македонија.

## *III. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ*

Државниот правобранител на Република Македонија, согласно одредбата од членот 12 од Законот за Државното правобранителство, во врска со прашања од значење за остварувањето на неговата функција и по прашања од заеднички интерес, соработува со судовите, министерствата, другите органи и правните лица.

Начелно, соработката помеѓу Државното правобранителство на Република Македонија со судовите, Јавното обвинителство, министерствата и другите органи и организации е задоволителна, иако во определени случаи се појавуваат одредени потешкотии, кои најчесто се резултат на релативно краткиот рок за постапување и превземање на определени правни дејствија.

Покрај редовната соработка помеѓу органите на државна управа и Државното правобранителство на Република Македонија, која најчесто се однесува на нивно застапување од Државното правобранителство пред надлежните судови, другите органи, Државното правобранителство на Република Македонија на барање од органите на државна управа, дава стручни Правни Мислења по одредени правни прашања, правни совети и правна помош.

Во текот на 2009 година Државното правобранителство на Република Македонија и Државниот правобранител на Република Македонија имаа бројни средби и соработка со многу државни институции како што се: Влада на Република Македонија, сите Министерства при Владата на Република Македонија, Комората на извршители на Република Македонија, Државниот ревизор, Државната Комисија за спречување на корупцијата, Агенција за катастар на недвижности, Агенција за развој и инвестиции, Службата за општи и заеднички работи, Царинската управа, ТИРЗ, Јавното обвинителство, и други.

Државното правобранителство на Република Македонија согласно Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор веќе постави Внатрешен ревизор кој се грижи за внатрешното функционирање на Државното правобранителство на Република Македонија во сите 15 Подрачни Единици.

Државниот правобранител на Република Македонија во текот на 2009 година изврши редовни посети на сите 14 Подрачни Единици каде се обавува државно правобранителската функција.

## *IV. ОБЕМ НА РАБОТЕЊЕТО ПОЧНУВАЈЌИ ОД 01.01.2009 ДО КРАЈОТ НА 2009 ГОДИНА*

Државното правобранителство на Република Македонија, во периодот од 01.01.2009 год. па заклучно со 31.12.2009 год., постапувало по сите видови предмети кои спаѓаат во негова надлежност.

### *1. Парничните предмети*

Парничните предмети преставуваат најсложените предмети кои се наоѓаат во работа во Државното правобранителство, кои временски можат да траат и подолго време и во најголема мера тоа не зависи од постапувањето на Државното правобранителство. Државното правобранителство во постапките по парничните предмети, застапувајќи ја Република Македонија и нејзините органи, учествува како странка во постапката, така да нема некое големо влијание врз времетраењето на постапките и нивното завршување, односно со своето постапување може само релативно да влијае за нивно временско скратување.

Споровите кои се водат во парничните постапки каде Државното правобранителство на Република Македонија се јавува како законски застапник на

Република Македонија и нејзините органи, се по најразлични основи, од кои како најчести и позначјани можат да се споменат следните:

- спорови за утврдување на право на сопственот на недвижен имот;

- спорови за надомест на материјална и нематеријална штета, и тоа по основ на погоре наведениот член 166 од Законот за облигационите односи; заради неоправдано осудени или несновано лишени од слобода лица; заради противправно одземање на предмети во кривичната и прекршочната постапка; како и надомест на штета по други основи;

- Спорови за поништување на договори во врска со трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал и продажбата на државниот имот, поништувања уписи во судски регистри и други спорови кои произлегуваат од процесот на приватизацијата на општествениот и државниот капитал во претпријатијата;

- Спорови во врска со поништувањето на договори кои ги склучила Република Македонија, особено: договори склучени во постапките за отуѓување или давање под закуп на државен имот (градежно земјиште, земјоделско земјиште); договори склучени во постапките за јавна набавка и други договори каде како договорна странка се јавува Република Македонија илии некој нејзин орган, доколку постојат законски основи за нивно поништување;

- Спорови во врска со наплата на долгови по најразлични основи, било во случај Република Македонија или нејзин орган да се јавува во својство на доверител или должник;

## *2. Управните предмети*

Работењето по управните предмети се однесуваат на покренувањето и водењето на управни постапки заради реализација на урбанистичкиот план кое се однесува за одземање од владение градежно неизградено земјиште, експропријација на недвижности и одземање или ограничување на правото на користење на недвижности во државна сопственост. Во овој вид предмети спаѓаат и решенијата кои ги донесува Републичката геодетска управа-Одделение за премер и катастар, кои се однесуваат за утврдување и запишување на содржината на недвижностите во имотните листови, како на име на физички или правни лица, така и на име на Република Македонија.

### *3. Правните мислења*

Посебен вид предмети кои се наоѓаат во работа во Државното правобранителство преставуват давањето правни мислења кои согласно законските овластувања ги дава Државниот правобранител на Република Македонија.

Најголем број од овие предмети се однесуваат за давање мислења при оттуѓување на градежно изградено земјиште сопственост на Република Македонија, како мислења дадени во согласност со погоре наведениот член 44-а од Законот за вршење на нотарски работи.

Државното правобранителство успешно го совлада приливот на нови предмети од овој вид. Решавањето на овој вид предмети, односно времетраењето на постапката за давање на правни мислења, најмногу зависи од работењето на самото Државно правобранителство, па со оглед на високиот процент на решеност на овие предмети може да се заклучи дека Државното правобранителство има висок степен на ажурност, кога неговата работа не зависи од преземање на дејствија и постапување од страна на други субјекти.

### *4. Извршни предмети*

Согласно новиот Закон за извршување во членот 2 точка 4 јасно стои дека извршувањето заради наплата на судски трошоци во прекршочните и кривичните постапки, како и на паричните казни изречени во тие постапки за почнува по барање на Државниот правобранител на Република Македонија.

Со оваа одредба од Законот за извршување освен што се даде голема надлежност на Држвниот правобранител на Република Македонија се создаде и огромен прилив на извршни предмети (извршно кривични - "ИКР" и извршно прекршочни "ИПРК") со што уште повеќе се зголеми активноста на Државното правобранителство на Република Македонија, кое и покрај проблемите што ги има со недостаток на кадар ажурно и благовремено постапува по спомenатите извршни предмети настојувајќи наплатените средства да се уплатат во полза на Буџетот на Република Македонија.

Во интерес на побрзата наплата и во интерес на полнењето на Буџетот на Република Македонија, Државниот правобранител на Република Македонија воспостави метод на постапување по овие предмети по пат на Опомени до

физичките и правните лица во одреден разумен рок да си го платат долгот кон Република Македонија и до Државното правобранителство на Република Македонија да достават доказ - копие од уплатниците. Овој метод на постапување е еден вид превенција и покана физичките и правните лица да си ги подмират долговите кон Република Македонија без притоа да се прават трошоци за конкретни постапки. Праксата покажа дека овој метод на постапување е успешен со оглед дека се поголем број граѓани па и правни лица си ги плаќаат долговите кон Република Македонија и за истото го известуваат Државниот правобранител.

Во соработка со Министерството за правда и Министерството за финансии одржани се бројни средби со Комората на извршители на Република Македонија и Извршното одделение на Основниот суд Скопје 1 Скопје при што во голем дел се утврдени начини на постапување во извршните предмети се во правец на полнење на Буџетот на Република Македонија. Согласно податоците дадени од Архивата на Државно правобранителство на Република Македонија во 2009 година врз основа на ИКР и ИПРК во Буџетот на Република Македонија се слеале 12.235.264,00 денари.

## *5. Стечајни предмети*

Стечајната постапка е една од најсложените постапки во кои учествува Државното правобранителство и овие постапки траат подолго време, на што се должи релативно малиот број на завршени предмети.

Државното правобранителство како законски застапник на Република Македонија во стечајните постапки учествува како доверител во случаевите кога по известие добиено од Управата за јавни приходи Државното правобранителство поднесува барање за отворање на стечајна постапка, односно во отворена стечајна постапка поднесува стечајни побарувања кои ги има Република Македонија спрема стечајниот должник.

Во стечајната постапка пред судовите, Државното правобранителство зема активно учество штитејќи ги имотните права и интереси на Република Македонија кога таа или нејзин орган се јавува како доверител во стечајната маса. Во случаите кога се работи за поголемо побарување што Република Македонија го има пријавено во стечајната маса, тогаш Државното правобранителство учествува во работата на одборот на доверители застапувајќи ја Република Македонија или нејзин орган.

Државното правобранителство во стечајните постапки поднесува излачни тужби, во случаите кога во стечајната маса на стечајниот должник се наоѓа имот кој е сопственост на Република Македонија. Со тие тужби Државното правобранителство бара од судовите, конкретниот имот кој е во сопственост на Република Македонија да се одвои од стечајната маса, да не биде предмет во стечајната постапка и истиот по основ на сопственост да биде вратен на Република Македонија.

Државниот правобранител на Република Македонија инсистира во рамките на стечајните постапки секогаш пред гласањето во Одборот на доверители или пред Собранието на доверители Државно правобранителство на Република Македонија да има добиен точен и изграден став од органот кој го застапува во кој правец ќе се одвива гласањето во рамките на органите на стечајната псотапка.

Државниот правобранител на РМ во текот на 2009 година имаше и редовни средби со Управата за јавни приходи Регионална и Генерална Дирекција, како и со стечајните судии на Основниот суд Скопје II Скопје и стечајните управници, а учествува и во работата на Комитетот за стечај.

## *6. Предмети од превентивниот метод на работа*

Во постапувањето по овие предмети, Државното правобранителство врши претходно испитување и анализирање на пристигнати поднесоци, дописи, преставки, извештаи и сл. и доколку увиди дека се повредени имотните права и интереси на Република Македонија, тогаш заради заштита на истите, поведува соодветна постапка пред надлежен орган, или превзема други дејствија за кои е овластено да ги превзема. Еден од превентивните методи на работа се и погоре споменатите Опомени до физичките и правните лица за доброволно плаќање на долговите кон Република Македонија.

## *7. Вонпарничните предмети*

Вонпарничните предмети претежно се однесуваат за определување на надомест за градежно земјиште одземено од владение, експропирани недвижности, како и предмети по физичка делба на ствари сопственост на Република Македонија.

### *8. Атхезионите предмети*

Тоа се предмети каде Државното правобранителство постапува во определена атхензиона, придружна постапка на некоја главна постапка која се води пред судовите или друг надлежен орган.

Таква атхензиона постапка се води во кривичната постапка, каде Државното правобранителство застапувајќи ја Република Македонија и нејзините органи, поднесува имотно правни побарувања насочени спрема обвинетите во кривичната постапка. Имајќи ги во предвид веќе започнатите истражни и кривични постапки од страна на Јавното обвинителство кои постапки се однесуваат на предметите поврзани со злоупотреба на службена положба и овластувања, коруптивни дејанија и друго истакнуваме дека во наредниот период ќе се зголемат и активностите на Државното правобранителство на Република Македонија по однос на поднесување на имотно правни побарувања насочени кон обвинетите во кривичната постапка.

### *9. Договори*

Посебен вид на предмети се оние кои се во врска со договорите за продажба на становите во државна сопственост, во кои Јавното правобранителство после нивно проучување и анализа се цени дали таквите договори се во согласност со позитивните законски прописи, па доколку се утврди дека некои од тие договори не се во согласност со Уставот, Законот или друг позитивен пропис се преземаат потребните правни дејствија со цел да се отстранат правните недостатоци на тие договори.

### *10. Организационите предмети*

Во овој вид предмети спаѓаат предметите, по кои непосредно постапува Државниот правобранител на Република Македонија во неговата соработка со другите органи, установи, институции, со размена на податоци и информации, со давање правни мислења, правна помош и совети, на органите кои не се застапувани од Државното правобранителство на Република Македонија,а се

корисници на средства од Буџетот на Република Македонија. (училишта, национални установи, дирекции, агенции и сл.), како и предмети поведени по повод разни поднесоци, претставки, барања, предлози и сл. поднесени непосредно до Државниот правобранител на Република Македонија, од страна на правни и физички лица.

Тука спаѓаат и предметите преку кои Државниот правобранител на Република Македонија и Државните правобранител кореспондираат и соработуваат, во врска со организациони прашања во рамките на Државното правобранителство, како и други предмети кои се однесуваат за размена на податоци и информации.

Исто така Државниот правобранител на Република Македонија воспостави и Уписник за поплаки и предлози согласно новиот Закон за поплаки и предлози како и нов Уписник каде што се заведуваат предметите поврзани со Јавните Набавки.

*11. Разно*

Посебни предмети кои се наоѓаат во работа при Државното правобранителство се предмети кои се однесуваат за постапувањето на Државното правобранителство по повод на најразлични поднесоци, барања, известувања, предлози и сл. доставени од страна на државните органи, правните и физичките лица.

*12. Управни, за приватизација на градежно земјиште сопственост на Република Македонија без надомест*

Согласно член 30 од Законот за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост, од страна на органот надлежен да решава по барањата за приватизација на градежното земјиште, до Државното правобранителство на Република Македонија се доставува решението за приватизација заедно со прилозите кон него, по што Државното правобранителство на Република Македонија во зависност од конкретниот случај ги презема потребните мерки и правни средства за заштита на имотните права и

интереси на Република Македонија, преку поднесување на редовни и вонредни правни лекови во постапката.

### *13. Управни, за приватизација на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со надомест*

Државното правобранителство на Република Македонија и во постапката за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост со надомест, ги има истите права и овластување како и кај постапката за приватизација без надомест, да со преземање на потребните мерки и правни средства ги заштитува имотните права и интереси на Република Македонија.

## *ПОСТАПУВАЊЕ И ВО ДРУГИ ПРЕДМЕТИ*

Во 2009 година Државното правобранителство на Република Македонија постапуваше и по предметите за неоснован притвор, неосновано осудување и незаконски престанок на работниот однос.

Во секој од овие предмети основот на тужбеното барање е неспорен, останува да се одреди висината на надоместокот по однос на штетата, што значи дека во овие предмети ресорните министерства ќе треба да обрнат повеќе внимание од причина што побарувањата се парични и можноста за одлив на средства од Буџетот се секогаш особено изразени.

## *ВНАТРЕШНИ АКТИ ВО ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Во текот на 2009 година изготвени се: Годишен распоред за работа на Државно правобранителство на РМ за 2009 година, Упатство за уписниците и стручните книги што се водат во ДПРМ, Планот со архивските знаци и друго.

Државниот правобранител на Република Македонија во целост ги спроведува одредбите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, поставувајќи лица за односи со јавноста и со странките во сите 15 Подрачни Единици во кои се обавува државно - правобранителската функција. Овој список на лица за контакт беше објавен и во дневниот печат.

Во рамките на Барањето од Секторот за европски прашања при Владата на Република Македонија изготвен е и доставен материјал со приоритети по однос на потребите и активностите на Државното правобранителство на Република Македонија за периодот 2007 - 2010 година.

Државното правобранителство на Република Македонија достави Годишен извештај за период 01.01.2009 до 31.12.2009 година до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер Скопје према кој до Државно правобранителство на Република Македонија поднесени се вкупно 10 барања во смисла на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои 8 се поднесени до Државно правобранителство на Република Македонија за подрачје Скопје, едно до Државно правобранителство на Република Македонија за подрачје Струмица и едно барање до Државното правобранителство на Република Македонија за подрачје Струга.

- Извештај за УПП предмети за период од 01.01.2009 до 31.12.2009 година во ДПРМ примени се вкупно 40 Претставки и прилози од кои 22 Претставки и прилози поднесени од физички лица и 18 Претставки и прилози поднесени од правни лица.По сите примени 40 Претставки е одговорено на подносителите на Претставките и предметите се завршени и архивирани.

- По однос на предметите "СТР ДОВ" несвршени предмети до крајот на годината има вкупно 56 (сметано од 2007, а заклучно со 2009 година) додека пак само во 2009 година има примено 12 предмети, по истите е постапено во законски рок односно Државниот правобранител на Република Македонија на барање на одредена институција (во најголем дел тоа е Министерство за внатрешни работи и Јавното обвинителство), има одговорено и дадено соодветни податоци.

Согласно Годишниот распоред за работа за 2009 година Државните правобранители за соодветно подрачје редовно доставуваат до Државно правобранителство на Република Македонија - Скопје примероци од поднесените жалби за предметите со вредност поголема од 1.000.000,00 денари, а исто така редовно доставуваат и примерок од поднесените вонредни правни лекови.

Државниот правобранител на Република Македонија со допис се обрати до Владата на Република Македонија и Министерствата кои ги застапува со молба согласно член 12 од Законот за Државно правобранителство органите на државната управа и правните лица навремено и ажурно да доставуваат до Државно правобранителство на Република Македонија податоци, докази и информации за потребите по конкретен предмет во рок од 5 работни дена (согласно одредбите од

цитиранито член на Законот за Државно правобранителство на Република Македонија).

Со допис Владата на Република Македонија - Генералниот секретар бр. 14-714/2 од 10.02.2009 година потврди дека е неопходно да се почитува членот 12 од Законот за Државно правобранителство, а Владата на РМ благовремено ќе ги доставува потребните информации и ќе биде на располагање ажурно да биде доставен секој потребен податок се во интерс на зголемување на ефектот во постигнување резултати при заштитата на имотните права на Република Македонија.

Согласно Извадокот од Нацрт Записникот од 137-та Седница на Владата на РМ одржана на ден 02.02.2010 година, а по повод Информација за дефинирање на соработка помеѓу Државното правобранителство на Република Македонија, Владата на Република Македонија, органите на државната управа и правните лица се усвоени следните Заклучоци:

- Се задолжуваат органите на Државната управа во соработка со правните лица на Државно правобранителство на Република Македонија да му ги доставуваат сите податоци, докази и информации заради -правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија во рок од 5 работни дена од денот на приемот на барањето доставено од Државно правобранителство на Република Македонија.

- Се задолжуваат органите на државната управа со правните лица најдоцна во рок од 5 дена пред закажаното рочиште да определат лица кои ќе присуствуваат на судските рочиште покрај надлежните правобранители за спорови од посебно значење и лица кои ќе соработуваат со Државно правобранителство на Република Македонија, а за тоа да го известат Државниот правобранител на Република Македонија.

- Државното правобранителство на Република Македонија во случај кога од предметот е видно дека нема правна можност истиот да се реши во полза на Република Македонија, Државно правобранителство на Република Македонија до Владата или до органот на државната управа и правното лице да достави конкретен и образложен предлог за решавање на предметот за да добие писмена согласност до органот до кој се обратил.

Согласно произлезените искуства од бројните состаноци и редовни средби меѓу Државниот правобранител на Република Македонија и Министерствата што се застапувани од Државното правобранителство на Република Македонија може

да се констатира дека со сите Министерства имаме добра соработка која во иднина ќе треба уште повеќе да се продлабочува.

*ЈАВЕН ПОВИК ДО СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИ СТАНОВИ*

Државното правобранителство на РМ во весникот "Дневник" на ден 23.01.2010 година објави Јавен повик до сите сопственици на општествени станови кои што ги откупиле на рати најдоцна до Јуни 2010 година да ги подмират заостанатите и неплатени рати, како не би се довеле во ситуација Државното правобранителство на РМ да поднесува тужби за раскинување на договорите.

Во Буџетот на РМ минатата година се слеани околу 15.059.484,00 денари од плаќање на заостанати рати за откуп на општествени станови, а исто така на повик на Државното правобранителство на РМ.

*СТРУЧНИ КОЛЕГИУМИ*

Државниот правобранител на Република Македонија редовно еднаш неделно одржува Стручен Колегиум на кој се разгледуваат стручни предмети од надлежноста на Државното правобранителство на РМ, а исто така Државниот правобранител на РМ редовно на секои три месеци организира заеднички средби во Скопје во седиштето на Државно правобранителство на Република Македонија со сите Државни правобранители за соодветно подрачје.

*ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2009 ГОДИНА*

Согласно Годишниот финансиски план за 2009 година на Државното правобранителство на Република Македонија од жиро сметката број 040060058263710 планираниот износ е 53.570.151,00 денари, од тоа реализирани се 53.320.897,00 денари.

Годишниот финансиски план за 2009 година за Државното правобранителство на Република Македонија од жиро сметка 040060058263118 со ребалансот изнесува 5.000.000,00 денари, а од тоа реализирани се 3.631.542,50 денари.

## *ПОСТИГНУВАЊА ВО ПРЕДМЕТСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА 2009 ГОДИНА*

1. Во рамките на парничната постапка што се водеше под судски П бр. 469/08 пред Основниот суд во Струга по тужба на тужителот Република Македонија - Министерство за труд и социјална политика против тужениот ПУДО Мајски Цвет од Струга за предавање во владение недвижност - одмаралиште, на ден 27.08.2009 година извршено е записничко примопредавање на објектот и истиот веќе функционира за потребите на Министерството за образование и наука.

2. Пред Основниот суд во Прилеп се водеше парнична постапка под судски П бр. 1164/06 по тужба на тужителите Јордан Хаџи Здравев и други против тужената Република Македонија - Министерство за финансии заради надомест на штета и изгубена добивка, заради доцнење во донесување решение за денационализација. Основниот суд во Прилеп го одби тужбеното барање на тужителите, Апелацискиот суд во Битола со пресуда ГЖ бр. 1500/09 од 22.01.2010 година ја потврди првостепената пресуда со што преку застапувањето на Државното правобранителство за подрачје Прилеп во конкретната правна работа Државата е заштитена од одлевање на износ од 23.330.566,00 денари колку што на име надомест на штета бараа тужителите.

3. Со пресуда на Основниот суд Скопје II Скопје П бр. 1572/09 од 20.10.2009 година усвоено е тужбеното барање на Република Македонија - Министерство за одбрана и задолжен е тужениот Иснифарис Џемаили да плати на Република Македонија на име стекнување без основ износ од 22.464.584,50 денари со законска затезна камата сметано од 27.01.2005 година до исплатата. Оваа пресуда е правосилна и извршна, и во тек е постапка за утврдување чист недвижен имот со кој располага Иснифарис Џемаили на територијата на Република Македонија заради спроведување на постапка за јавна продажба и впишување на тој имот на име на Република Македонија.

4. Пред Основниот суд Скопје II Скопје се водеше постапка под судски П бр. 976/03 по тужба на тужителите Хилми Керими и други сите од Куманово против Република Македонија заради исплата на надомест на одземено земјиште во висина од 19.992.000,00 денари. Апелациониот суд во Скопје со своја пресуда ГЖ бнр. 927/09 од 28.12.2009 година ја уважи жалбата на Република Македонија и одлучи мериторно со тоа што во целост го одби како неосновано тужбеното

барање на тужителите Хилми Керими и други сите од Куманово за надомест на експроприрано земјиште, со што Република Македонија се заштити од одлевање на средства од Буџетот во висина од 19.992.000,00 денари

5. Државниот правобранител на Република Македонија е постојан член на Комитетот за градежна експанзија и развој при што може да се истакне дека благодарение на ажурното постапување на Државното правобранителство на Република Македонија на територијата на цела Македонија поголемиот број на предмети поврзани со експропријација на недвижност, одземање или престанок на корисничкото право се во целост реализирани со што е даден соодветен придонес во работата на Комитетот за градежна експанзија во реализација на јавниот интерес утврден преку програмата на овој комитет.

6. По основ на предметите ИКР (извршно кривични предмети) и ИПРК (извршно прекршочни предмети) во Буџетот на Република Македонија за 2009 година се внесени средства во висина од 12.235.264,00 денари.

*ЗАВРШЕН ДЕЛ*

Позитивната "спрега" меѓу Државно правобранителство на Република Македонија и органите кои ги застапува и во иднина треба да продолжи и уште повеќе да се надградува се во интерес на целосната заштита на имотните права и интереси на Република Македонија. Со ова во целост ќе се реализира Заклучокот на Владата на Република Македонија од 02.02.2010 година, а по повод дефинирањето на соработката помеѓу Државното правобранителство на Република Македонија, Владата на Република Македонија и органите на државната управа кои ги застапува нашата институција.

ПРИЛОГ: - Сумарен преглед за движење на предметите за 2009 година за сите подрачја каде што се врши државно - правобранителската функција,

- Сумарен преглед за движењето на предметите за 2009 година за подрачјето на Скопје

ЉС/НИ

*ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

*ОЛИВЕРА КИТАНОВА*

Република Македонија Државно правобранителство на Република Македонија * Скопје *

ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СУМАРЕН ПРЕГЛЕД

За движење на предметите за 2009 година за сите подрачја каде што се врши Државно правобранителската функција

| Вид на предметя | НесврШени предмети на почетокот на месецот | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | Свршени предмети | Несвршени предмети на крајот на месецот |
|---|---|---|---|---|---|
| ПРЕВЕНТИВА-ПР | 748 | 901 | 1649 | 732 | 917 |
| ПАРНИЧНИ-П | 6800 | 2680 | 9480 | 1917 | 7563 |
| АТХЕЗИОНИ-А | 617 | 344 | 961 | 169 | 792 |
| ИЗВРШНИ-И | 4000 | 817 | 4817 | 903 | 3914 |
| ПРАВНИ МИСЛЕЊА-М | 479 | 1536 | 2015 | 1112 | 903 |
| ДОГОВОРИ-ДОГ | 279 | 128 | 407 | 140 | 267 |
| ОРГАНИЗАЦИОНИ-ДП | 16 | 1966 | 1982 | 1964 | 18 |
| УПРАВНИ-У | 4396 | 3823 | 8219 | 3492 | 4727 |
| УПРАВНО ИЗВРШНИ-УИ | 530 | 1693 | 2223 | 384 | 1839 |
| УПРАВНИ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ БЕЗ НАДОМЕСТ-УП | 3965 | 14693 | 18658 | 14237 | 4421 |
| УПРАВНИ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СО НАДОМЕСТ-УН | 484 | 3477 | 3961 | 2921 | 1040 |
| УПРАВНИ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СО ЗАКУП-УЗ | / | / | / | / | / |
| ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА-ДН | 9573 | 4589 | 14162 | 4602 | 9560 |
| ВОНПАРНИЧНИ-ВП | 652 | 410 | 1062 | 277 | 785 |
| РАЗНО-Р | 279 | 1450 | 1729 | 1412 | 317 |
| СТЕЧАЛНИ-СТ | 3208 | 331 | 3539 | 154 | 3385 |
| ИЗВРШНО КРИВИЧНИ-ИКР | 10653 | 6382 | 17035 | 1197 | 15838 |
| ИЗВРШНО ПРЕКРШОЧНИ-ИПРК | 87248 | 52168 | 139416 | 14052 | 125364 |
| ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ - ПИ | / | 9 | 9 | 9 | / |
| ВКУПНО: | 133927 | 97397 | 231324 | 49674 | 181650 |

Извештајот го изготвил:
Самостоен референт
Љупчо Маневски

ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА Р.МАКЕДОНИЈА
Оливера Китанова

ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СУМАРЕН ПРЕГЛЕД

За движење на предметите за 2009 година

| Вид на предмети | НесврШени предмети на почетокот на месецот | Примени предмети во работа | Вкупно предмети во работа | СврШени предмети | НесврШени предмети на крајот на месецот |
|---|---|---|---|---|---|
| ПРЕВЕНТИВА-ПР | 195 | 64 | 259 | 55 | 204 |
| ПАРНИЧНИ-П | 2995 | 1003 | 3998 | 375 | 3623 |
| АТХЕЗИОНИ-А | 245 | 85 | 330 | 11 | 319 |
| ИЗВРшНИ-И | 1480 | 232 | 1712 | 89 | 1623 |
| ПРАВНИ МИСЛЕЊА-М | 448 | 708 | 1156 | 485 | 671 |
| ДОГОВОРИ-ДОГ | 123 | / | 123 | / | 123 |
| ОРГАНИЗАЦИОНИ-ДП | / | 599 | 599 | 599 | / |
| УПРАВНИ-У | 2295 | 1372 | 3667 | 1204 | 2463 |
| УПРАВНО ИЗВРшНИ-УИ | / | / | / | / | / |
| УПРАВНИ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИшТЕ БЕЗ НАДОМЕСТ-УП | 1068 | 2511 | 3579 | 2244 | 1335 |
| УПРАВНИ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИшТЕ СО НАДОМЕСТ-УН | 105 | 1404 | 1509 | 1286 | 223 |
| УПРАВНИ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИшТЕ СО ЗАКУП-УЗ | / | / | / | / | / |
| ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА-ДН | 1666 | 2858 | 4524 | 2694 | 1830 |
| ВОНПАРНИЧНИ-ВП | 312 | 80 | 392 | 29 | 363 |
| РАЗНО-Р | 188 | 666 | 854 | 615 | 239 |
| СТЕЧАЈНИ-СТ | 2238 | 24 | 2262 | 16 | 2246 |
| ИЗВРшНО КРИВИЧНИ-ИКР | 5373 | 2082 | 7455 | 323 | 7132 |
| ИЗВРшНО ПРЕКРшОЧНИ-ИПРК | 18347 | 11186 | 29533 | 1076 | 28457 |
| ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ - ПИ | 1 | 9 | 10 | 10 | / |
| ВКУПНО: | 37079 | 24883 | 61962 | 11111 | 50851 |

ИзвеШтајот го изготвил:
Самостоен референт
Љупчо Манѓовски

ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА Р.МАКЕДОНИЈА
Оливера Китанова